Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија” бр.27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018, 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.143/2019 и 14/2020 ) и член 50 став (1) точка 12 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/2002), Градоначалникот на општина Новаци, донесе:

# П Р А В И Л Н И К
## за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Новаци

### Член 1

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Новаци бр.01-310/2 од 27.03.2017 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Новаци бр. 01-330/3 од 20.04.2018 година ,Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Новаци бр. 01-727/1 од 15.08.2018 година , Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Новаци бр. 01-1047/1 од 26.12.2018 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Новаци бр. 01-635/1 од 07.07.2021 година.

### Член 2

Во глава **IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА НОВАЦИ,** во точка 1. Одделение за правни, општи работи и јавни дејности, по работното место со реден број 5, назив на работното место – Советник за Јавни набавки и администрирање со движниот имот во сопственост на општината, со шифра УПР 01 01 В01 000, се додава ново работно место со реден број5-а, кое гласи:

| Одделение за правни, општи работи и јавни дејности | |
|---|---|
| Реден број | 5-а |
| Шифра | УПР 01 01 В01 000 |
| Ниво | В1 |
| Звање | Советник |
| Назив на работно место | **Советник за Подготовка на материјали и документи од областа на здравствената, социјалната и детската заштита** |
| Вид на образование | Образование и социјална работа и социјална политика |
| Број на извршители | 1(еден) |
| Одговара пред | Раководителот на одделението |

| | |
|---|---|
| Други посебни услови | |
| Работни цели | Активно ,ефективно и ефикасно извршување на работни задачи кои придонесуваат за остварување на програмата за работа на општината и задачи од делокругот на одделението ,а кои се однесуваат на унапредување на социјалната ,здравствената и детска заштита на подрачјето на општината,учество и раководење со проекти |
| Работни задачи и обврски | - континуирано ги следи законските прописи и другите општи акти од областа на здравствената, социјалната и детската заштита;<br><br>- предлага и изготвува програми со кои се основаат, управуваат, финансираат и одржуваат установите за институционална и вонинституционална социјална заштита;<br><br>-предлага преземање на мерки и активности од областа на социјалната и детската заштита , од надлежност на Општината;<br><br>-изготвува предлози на проекти и дава мислење за предложените проекти од областа на здравствената, социјалната и детската заштита;<br><br>-раководи со работата на проектните тимови за реализација на проекти од областа на здравствената, социјалната и детската заштита ;<br><br>-врши стручна обработка на прашањата што се од значење за примената на законските одредби;<br><br>-дава стручни појаснувања и мислења за примена на законите и другите прописи и општи акти. |

**Член 3**

Во глава **IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА НОВАЦИ,** во точка 1. Одделение за правни, општи работи и јавни дејности, работното место со реден број 8, назив на работното место – Соработник за Односи со јавноста и упатување на странки, со шифра УПР 01 01 В03 000, се брише.

**Член 4**

Во глава **IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА НОВАЦИ,** во точка 1. Одделение за правни, општи работи и јавни дејности, работното место со реден број 11а , назив на работното место Администратор за јавни набавки, со шифра УПР 01 01 Г04 000, се брише.

**Член 5**

Во глава **IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА НОВАЦИ,** во точка 2. Одделение за финансиски прашања, работното место со реден број 17, назив на работното место Советник за утврдување на данок на промет ,наследство и подарок , со шифра УПР 01 01 В01 000, се брише.

**Член 6**

Во глава **IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА НОВАЦИ,** во точка 2. Одделение за финансиски прашања, по работното место со реден број 18-а, назив на работното место Помлад соработник за Сметководствено-книговодствени работи , со шифра УПР 01 01 В04 000, се додава ново работно место 18.б кое гласи:

| Одделение за финансиски прашања | |
|---|---|
| Реден број | 18-б |
| Шифра | УПР 01 01 В04 001 |
| Ниво | В4 |
| Звање | Помлад соработник |
| Назив на работно место | **Помлад соработник за Администрирање данок на промет на недвижности** |
| Вид на образование | Економски науки или правни науки |
| Број на извршители | 1(еден) |
| Одговара пред | Раководителот на Одделението |
| Други посебни услови | / |
| Работни цели | Активно ,ефективно и ефикасно извршување на работни задачи кои придонесуваат за остварување на програмата за работа на општината и задачи од делокругот на одделението од областа на администрирање на даноци на имот, подароци ,наследување , данок на промет со недвижности, комунални такси и други такси и надоместоци |
| Работни задачи и обврски | - континуирано ги следи законските прописи и другите општи акти од областа на утврдувањето на изворите на приходи на Општината ;<br><br>-учествува во изготвување решенија со утврдена вредност на данокот на промет на недвижности;<br><br>- учествува во постапка по барање за одлагање и обезбедување на даночен долг;<br><br>-помага во решавање по жалби на даночните обврзници;<br><br>-помага при изготвување анализи,извештаи и информации за бројот на даношните обврзници, доставените решенија и остварените обврски по овие основи;<br><br>-учествува во стручна обработка на прашањата што се од значење за примената на законските одредби;<br><br>-учествува при изготвување анализи, информации и други материјали. |

**Член 7**

Во глава **IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА НОВАЦИ,** во точка 3. Одделение за комунални дејности, сообраќај, урбанизам и заштита на животна средина и локален економски развој, по работното место со реден број 21, назив на работно место –Советник за Комунална инфраструктура ,сообраќај и заштита на животна средина , со шифра УПР 01 01 В01 000, се додава ново работно место 21-а кое гласи:

| Одделение за комунални дејности, сообраќај, урбанизам и заштита на животна средина и ЛЕР | |
|---|---|
| Реден број | 21-а |
| Шифра | УПР 01 01 В01 000 |
| Ниво | В1 |
| Звање | Советник |
| Назив на работно место | **Советник за Електрична инфраструктура во проектите за економскиот развој** |
| Број на извршители | 1 (еден) |
| Одговара пред | Раководител на одделение |
| Вид на образование | Електромашинство и електротехника |
| Други посебни услови | |
| Работни цели | Активно, ефикасно и ефективно извршување на работни задачи кои придонесуваат за остварување на програмата за работа на општината и задачи од делокругот на одделението ,а кои се однесуваат на следење на состојбите за одржување и реконструкција на електричната инфраструктура, обезбедување на услугите за електричната инфраструктура и јавното осветлување |
| Работни задачи и обврски | -самостојно извршува најсложени стручно-административни работи кои се однесуваат на следење на состојбите за одржување и реконструкција на електричната инфраструктура врз основа на програма во проектите за економски развој;<br><br>-ги координира активностите и прибира податоци за усогласување на проектите согласно барањата за исполнување на енергетска ефикасност;<br><br>-врши инвестиционен и технички надзор, врши технички преглед на извршените работи од инвестиционото одржување;<br><br>- активно учествува во изработка и реализација на програми и проекти од областа на енергетската ефикасност;<br><br>-ги следи меѓународните искуства во енергетиката и енергетската ефикасност |

| | |
|---|---|
| | и можностите за нивна примена во Општината;<br><br>-ја следи и активно учествува во изготвувањето на долгорочната стратегија за развој на енергетиката и енергетската ефикасност;<br><br>- ги подготвува годишните програми за електрична инфраструктура и јавно осветлување , ги подготвува годишните извештаи за спроведување на програмата за електрична инфраструктура и јавно осветлување;<br><br>-врши стручна обработка на акти и други материјали за потребите на Советот и Градоначалникот. |

**Член 8**

Во глава **IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА НОВАЦИ,** во точка 3. Одделение за комунални дејности, сообраќај, урбанизам и заштита на животна средина и локален економски развој, реден број 25, назив на работното место – Помлад соработник за Комунални дејности и сообраќај , со шифра УПР 01 01 В04 000, делот вид на образование се менува и гласи „ Индустриско инжинерство и менаџмент или Електротехника”.

**Член 9**

Во глава **IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА НОВАЦИ,** во точка 3. Одделение за комунални дејности, сообраќај, урбанизам и заштита на животна средина и локален економски развој, по работното место со реден број 21-а, назив на работно место – Советник за Електрична инфраструктура во проектите за економскиот развој , со шифра УПР 01 01 В01 000, се додава ново работно место 21-б кое гласи:

| Одделение за комунални дејности, сообраќај, урбанизам и заштита на животна средина и локален економски развој | |
|---|---|
| Реден број | 21-б |
| Шифра | УПР 01 01 В01 000 |
| Ниво | В1 |
| Звање | Советник |
| Назив на работно место | **Советник за Изработка на проекти** |
| Вид на образование | Организациони науки и управување (менаџмент) или Правни науки |
| Број на извршители | 1(еден) |
| Одговара пред | Раководителот на одделението |
| Други посебни услови | |
| Работни цели | Активно ,ефективно и ефикасно извршување работни задачи од делокруг на работа на одделението, согласно насоките и под надзор на раководителот на одделението, кои се однесуваат на подготовка и |

| | |
|---|---|
| | спроведување на проекти |
| Работни задачи и обврски | -ги подготвува предлог-проектите кои се иницирани одделенијата во рамките на општинската администрација;<br><br>-ја координира работата на проектните тимови за реализација на проектите кои се финансираат од странски и меѓународни донатори и организации и учествува во подготовката на извештаите, евалуациите и другата документација што се поднесува до странските и меѓународни донатори и организации;<br><br>-го организира учеството на Општината на конкурси за проекти на домашни и странски субјекти;<br><br>-ги подготвува потребните акти за одобрување на грантовите поврзани со проектите поддржани од домашни, странски и меѓународни донатори и организации што се поднесуваат до Советот на општината;<br><br>-учествува во организацијата на посетите на делегации од Општината во збратимените градови;<br><br>-дава стручни појаснувања и мислења за примена на законите и другите прописи и општи акти. |

**Член 10**

Во глава **IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА НОВАЦИ,** во точка 3. Одделение за комунални дејности, сообраќај, урбанизам и заштита на животна средина и локален економски развој, по работното место со реден број 21-б, назив на работно место – Советник за Изработка на проекти , со шифра УПР 01 01 В01 000, се додава ново работно место 21-в кое гласи:

| Одделение за комунални дејности, сообраќај, урбанизам и заштита на животна средина и локален економски развој | |
|---|---|
| Реден број | 21-в |
| Шифра | УПР 01 01 В02 000 |
| Ниво | В2 |
| Звање | Виш соработник |
| Назив на работно место | **Виш соработник за рурален развој,земјоделие и регионална соработка** |
| Вид на образование | Добиточно производство(Сточарство) |
| Број на извршители | 1(еден) |

| | |
|---|---|
| Одговара пред | Раководителот на Одделението |
| Други посебни услови | / |
| Работни цели | Активно, ефективно и ефикасно спроведување на рутински работи и работни задачи од делокругот на одделението, под надзор и контрола на раководителот на одделението, кои се однесуваат на следење на проблематиката од локалниот економски развој и земјоделието во општината, подготвување на проектна документација за аплицирање и вршење работи на полето на регионалната соработка |
| Работни задачи и обврски | -извршува работи и задачи што се вршат во одделението,континуирано ги следи законските прописи и другите општи акти од областа на локалната самоуправа ,земјоделието и рурален развој;<br><br>-ги следи регионалните и меѓународните искуства на полето на ру развој и земјоделието, ги испитува можностите за нивна примена во општината и иницира идеи и предлози за развој на конкретните проекти и активности;<br><br>-го организира и учествува во изготвувањето на мислењето во постапката на подготовка на развојните стратешки, плански и програмски документи што ги донесува Советот на Општината;<br><br>-подготвува планови и програми за подршка на руралниот развој и учествува во дефинирање на акциски планови за реализација на стратегиите во областа во која работи;<br><br>-учествува во изготвување на стратешките документи на општината ,стратегијата за поддршка на развојот на малите и средни претпријатија и претпримништвото и за развој на земјоделието;<br><br>-предлага иницијативи ,разработува идеи и предлага решенија за конкретни проекти од областа на локалниот економски развој . |

**Член 11**

Во глава **IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА НОВАЦИ,** во точка 3. Одделение за комунални дејности, сообраќај, урбанизам и заштита на животна средина и локален економски развој, работното место со реден број 25-б, назив на работно место - Помлад соработник за Подготовка и спроведување на проекти, со шифра УПР 01 01 В04 000, се брише.

**Член 12**

Во глава **IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА НОВАЦИ,** во точка 4. Одделение за управување со човечки ресурси, работното место со реден број 27-а, назив на работното место - Соработник за поддршка за спроведување на оценување и стручното оспособување на човечките ресурси , со шифра УПР 01 01 В03 000, се брише.

**Член 13**

**Чл** Во глава **IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА НОВАЦИ,** во точка 6. Одделение инспекциски надзор-Инспекторат , реден број 29, назив на работното место – Советник-Овластен инспектор за животна средина и комунални дејности , со шифра ИНС 01 01 В01 000, делот вид на образование се менува и гласи „
Архитектура , урбанизам и планирање или Електротехника".

**Член 14**

Согласно извршените изменувања и дополнувања на интегралниот текст на Правилникот, се вршат измени и дополнувања и во Табеларниот преглед на работните места во општинската администрација на Општина Новаци, како составен дел Правилникот.

**Член 15**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената писмена согласност на Министерството за информатичко општество и администрација.

Бр. 01-854/1

15.09.2022

**Општина Новаци**
**Градоначалник**

**Стевче Стевановски**